ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Потребни вештини и знаења

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



**Пишува:**
**м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**

Кога ќе се спомене креирање сопствен Интернет бизнис, многумина сметаат дека за тоа се потребни напредни информатички или програмерски знаења. За среќа, не е баш така. Во Интернет бизнисот успеале многумина кои имале мали или воопшто немале допирни точки со информатиката. Во тој контекст, основни предуслови да се успее на Интернет, е да се поседуваат афинитети кон информатичките технологии и желба за работа и учење.

Сите оние вештини што е потребно да ги познавате за креирање и водење Интернет бизнис, ќе ги научите низ работа без голем напор. Се што во почетокот можеби изгледа комплицирано, ќе успеете без тешкотија да го совладате. Во почетокот на изградбата на Интернет бизнисот, значајно е што повеќе да се потпирате на сопствените знаења, кои не мора да бидат на софистицирано ниво. Понатаму, откако бизнисот ќе почне да генерира приходи, ќе можете слободно да ангажирате и други лица да извршуваат одредени задачи, како што е, на пример, WEB дизајнирањето или програмирањето.

За започнување одредени типови на он-лине бизнис, познавањето на некоја од наведените вештини ќе биде доволно, додека во други случаи потребни се разновидни предзнаења и вештини.

**1. Пишување.** На многумина пишувањето им е јака страна и тоа може да го искористат за да започнат сопствен бизнис на Интернет. Без разлика за каков тип бизнис станува збор, квалитетната содржина на WEB страните е мошне значајна за долгорочен успех. Пишувањето може да се сведе и на резимирање туѓи статии, ревидирање на WEB страни, опис на производи и слично, но може и креативно да преведувате, доколку познавате повеќе светски јазици. Доколку немате афинитет да пишувате, би можеле да користите содржини од други места, како што говоревме претходниот четврток.

За да пишувате статии за вашиот блог или други текстови, со цел да заработите, потребно е солидно да го познавате англискиот јазик или некој од другите светски јазици, како што се француски, германски или италијански.

**2. WEB дизајн.** Секоја WEB страна е изградена до програмски код таканаречен HTML. Доколку имате афинитети за информациските технологии, воопшто не треба да ве исплаши на прв поглед комплицираоста на HTML, бидејќи во суштина е многу едноставен. Основното познавање на HTML, во најмала рака ќе ви биде потребно за на вашата страна да ги внесете (со Copy-Paste) кодовите за афилијативна продажба и емитување реклами, кои се најчестите извори на приходи. Единствено место каде што може автоматски да се постават рекламите на Google Adsense, е доколку уредувате или пишувате блог на Bloger.com.

Основното познавањето на HTML, исто така значително ќе ви ја олесни употребата на WEB темплејти, што овозможува едноставна и брза изработка на WEB страни и за почетниците.

Основите на HTML најлесно ќе ги совладате доколку некој пријател ви ги објасни пред компјутер, но можете да набавите книга или да ја посетите страната www.w3schools.com/html/default.asp

**3. Графички дизајн.** Употребата на темплејти значително ја олеснува изработката на WEB страните, особено од графички аспект, но без разлика, познавањето на графичкиот дизајн секогаш е од полза. Така, на пример, доколку ви треба лого за вашиот WEB, би можеле самите да го изработите. За почеток, за едноставни дизајни можете да користите и MS Paint, кој доаѓа со оперативниот систем, а понатаму можете да преминете и на пософистициран софтвер, како што е, на пример, Photoshop.

Познавањето на графички дизајн може да биде главно оружје за вашиот иден Интернет бизнис. Одредени онлине фирми овозможуваат вашите графички дизајни да ги продавате на најразлични производи како маици, капи, шолји и слично. Таква WEB страна е Cafe-Press.com, за која детално ќе говориме следниот четврток. Дотогаш можете да ги поминете основите на графичкиот дизајн на http://graphicssoft.about.com

4. Интернет маркетинг вештини. Изборот на соодветна понуда, привлекување на посетителите, задржување на нивното внимание и поттикнување на акција, е можеби најзначајната вештина која треба да ја поседувате за да успеете. Во продолжение на серијалот, подетално ќе говориме за Интернет маркетинг активностите, како што се афилијативната продажба, оптимизацијата за пребарувачи (СЕО), PPC (Плати по клик), изградба на линкови итн.

Доколку не ги познавате наведените вештини, немојте да се разочарате и да се повлечете. Од друга страна, немојте веднаш да се фрлите на изучување на сите вештини, без практично да ги применувате стекнатите знаења за он-лине бизнисот. Учењето чекор по чекор низ работа, не само што е полесно, туку претставува и задоволство.

**Следниот четврток:**
**Продавница за маици со ваш дизајн**